## РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

УП1 бр. 25-62
.04.2018 година
Скопје
27 -04- 2018

Министерот за економија врз основа на член 56 став (1) од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр.140/08, 53/11, 123/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15 и 39/16) постапувајќи по барањето од Друштвото за едукација, тренинг и истражување АМ ЦЕРТ ДООЕЛ – Скопје бр.25-62 од 01.03.2018 година, донесе

### РЕШЕНИЕ
### ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ТЕХНИЧКА СЛУЖБА

1. Се овластува Друштвото за едукација, тренинг и истражување АМ ЦЕРТ ДООЕЛ - Скопје, за техничка служба, која ги врши стручните и техничките работи во постапка на:

а) - **Единечно одобрување на возила од категориите L, M, N, O, T, S и R** согласно член 2 од Правилникот за единечно одобрување на возило („Службен весник на Република Македонија“бр.16/10, 62/10, 105/10, 13/11, 39/11, 169/11, 185/11, 84/12, 132/12, 153/12, 59/13, 138/13, 29/14, 35/14, 119/14, 168/14 и 182/16); член 2 став (1) од Правилникот за одобрување на нови моторни и приклучни возила, системи, составни делови и самостојни технички единици наменети за таквите возила („Службен весник на Република Македонија“ бр.132/09 и 95/12); Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата („Службен весник на Република Македонија“ бр.21/10); и Техничките спецификации согласно одредбите на член 11 став (2) од Законот за возила за следните инспекциски места:

- АМ ЦЕРТ ДООЕЛ – Скопје – Центар за испитување на возила - Бул.Борис Трајковски бр.202-А Скопје;
- Аутомакедонија АД подружница Битола, ул Новачки Пат бр.18 Битола;
- Еуроконтрол ДООЕЛ Облешево, ул.Јоаким Крчовски бб. - Облешево;
- Топ-Ауто Фер Куманово, ул.11 Ноември бр.286 Куманово;

б) - **Одобрување на тип на возило од категориите L, M, N, O, T, C и R** согласно член 57 став (1) алинеја 1 од Законот за возила; член 2 став 1 алинеја 1 од Правилникот за одобрување на нови моторни и приклучни возила, системи, составни делови и самостојни технички единици наменети за таквите возила; Правилникот за одобрување на тип на моторни возила со две или три тркала („Службен весник на Република Македонија“ бр.131/09); Правилник за одобрување на земјоделски и шумски трактори („Службен весник на Република Македонија“ бр.134/09); Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата, за инспекциското место:

- АМ ЦЕРТ ДООЕЛ – Скопје – Центар за испитување на возила - Бул.Борис Трајковски бр.202-А Скопје;

в) - **Одобрување на преправени и поправени возила од категориите L, M, N, O и R**, согласно член 57 став (1) алинеја 6 од Законот за возила; член 6 став (1) точка 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 10, 14, 15, 17, 19, 20, 21, 23, и 24; член 7 став (1) точка 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 12, 13, 14, 15 и 16 и член 8 од Правилникот за одобрување на преправени и поправени возила („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/10) за следните инспекциски места:

- АМ ЦЕРТ ДООЕЛ – Скопје – Центар за испитување на возила - Бул.Борис Трајковски бр.202-А Скопје;

- Аутомакедонија АД подружница Битола, ул Новачки Пат бр.18 Битола;

- Еуроконтрол ДООЕЛ Облешево, ул.Јоаким Крчовски бб. - Облешево;

- Топ-Ауто Фер Куманово, ул.11 Ноември бр.286 Куманово;

г) – **Инспекција при утврдување на идентификациски ознаки на возила (број на шасија и број на мотор) и нивно втиснување** согласно член 57 став (1) алинеја 5 од Законот за возила и Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за доделување на идентификациска ознака (број на шасија) и формата и содржината на водење на евиденцијата на издадени одобренија и на начинот и постапката за обележување и поништување на идентификациските ознаки на шасијата и/или моторот на возилото („Службен весник на Република Македонија" бр.101/13), за следните инспекциски места:

- АМ ЦЕРТ ДООЕЛ – Скопје – Центар за испитување на возила - Бул.Борис Трајковски бр.202-А Скопје;

- Аутомакедонија АД подружница Битола, ул Новачки Пат бр.18 Битола;

- Еуроконтрол ДООЕЛ Облешево, ул.Јоаким Крчовски бб. - Облешево;

- Топ-Ауто Фер Куманово, ул.11 Ноември бр.286 Куманово;

2. Со влегувањето во сила на ова решение престанува да важи решението со број УП-I бр. 25-32 од 14.09.2017 година.

## Образложение

Друштвото за едукација, тренинг и истражување АМ ЦЕРТ ДООЕЛ - Скопје, до Министерството за економија поднесе барање УП I бр.25-62 од 01.03.2018 година со кое бара да се донесе решение за техничка служба согласно член 56 став (1) од Законот за возила, поради кадровски промени и проширување со нови инспекциски места.

Министерството за економија врз основа на Сертификатот за акредитација од органот за оцена на компетентност и предлогот за овластување од органот за одобрување, го овластува Друштвото за едукација, тренинг и истражување АМ ЦЕРТ ДООЕЛ – Скопје, за вршење на стручни и технички работи во постапките за:

а) **Единечно одобрување на возила од категориите L, M, N, O, T, S и R** согласно Правилникот за единечно одобрување на возило, Правилникот за одобрување на нови моторни и приклучни возила, системи, составни делови и самостојни технички единици наменети за таквите возила и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата и Техничките спецификации согласно одредбите на Законот за возила, за инспекциските места наведени во диспозитивот на ова решение.

б) - **Одобрување на тип на возило од категориите L, M, N и O,** согласно Законот за возила, согласно Правилникот за одобрување на нови моторни и приклучни возила, системи, составни делови и самостојни технички единици наменети за таквите возила; Правилникот за одобрување на тип на моторни возила со две или три тркала; Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата; каде што испитувањата ги врши во сопствените простории во инспекциското место АМ ЦЕРТ ДООЕЛ – Скопје – Центар за испитување на возила - Бул.Борис Трајковски бр.202 Скопје.

в) - **Одобрување на преправени и поправени возила од категориите L, M, N и O,** согласно член 6 став (1) точка 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 10, 14, 15, 17, 19, 20, 21, 23, и 24, член 7 став (1) точка 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 12, 13, 14, 15 и 16 и член 8 од Правилникот за одобрување на преправени и поправени возила; Правилникот за техничките барања за системите,

составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата и Техничките спецификации од Законот за возила, за инспекцискoто место - АМ ЦЕРТ ДООЕЛ – Скопје – Центар за испитување на возила - Бул.Борис Трајковски бр.202 Скопје.

г) – Инспекција при утврдување на идентификациски ознаки на возила (број на шасија и број на мотор) и нивно втиснување согласно Законот за возила и Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за доделување на идентификациска ознака (број на шасија) и формата и содржината на водење на евиденцијата на издадени одобренија и на начинот и постапката за обележување и поништување на идентификациските ознаки на шасијата и/или моторот на возилото на инспекциските места наведени во диспозитивот на ова решение.

Кон барањето се поднесени следните документи:

- Предлог за овластување за вршење дејност - техничка служба, издаден од Органот за одобрување – Бирото за метрологија со бр.1609-175/3 од 27.02.2018 година;

- Сертификат за акредитација на инспекциско тело бр.ИТ-023 од 20.06.2012 година со важност до 19.06.2020 година и Прилог кон сертификатот за акредитација од 03.01.2018 година, издадени од Институтот за акредитација на Република Македонија;

- Доказ за тековната состојба на правното лице од единствениот трговски регистар и регистарот на други правни лица, издаден од Централниот регистар на Република Македонија со деловоден бр.0805-50/150120170072175 од 22.11.2017 година;

- Извештај за билансот на состојба и податоци од билансот на успех, издадено од Централен регистар на Република Македонија бр.0818-50/150120170154627 од 31.05.2017 година.

- Копии од обрасците М1/М2 за вработениот стручен кадар во техничката служба и распоред на стручниот кадар по следните инспекциски места:

1. АМ ЦЕРТ ДООЕЛ – Скопје – Центар за испитување на возила - Бул.Борис Трајковски бр.202-А Скопје; дипл. маш. инж. Петар Таневски; дипл. маш. инж. Јован Петровски; дипл. маш. инж. Илиевски Драган; дипл. маш. инж.Саша Котевски, дипл. маш. инж. Катерина Додева; контролор Васил Илиевски и контролор Александар Стефановски.

2. Аутомакедонија АД подружница Битола, ул Новачки Пат бр.18 Битола; дипл. маш. инж. Александар Ставревски; дипл. маш. инж. Горан Панзов; дипл.маш.инж. Дарко Миовски; и контролор Владимир Набаков.

3. Еуроконтрол ДООЕЛ Облешево, ул.Јоаким Крчовски бб. - Облешево; дипл. маш. инж. Павловски Данко; дипл. маш. инж. Костевски Кирче; дипл. електро инж. Илија Стратов; дипл. маш. инж. Кацарски Ѓорѓи; дипл. маш. инж. Јовев Драган; и контролор Александар Спасовски.

4. Топ-Ауто Фер Куманово, ул.11 Ноември бр.286 Куманово; дипл. сообраќаен инж. Ивана Денковска, дипл. маш. инж. Хаџипетров Владимир, дипл. маш. инж. Марјан Јаневски; дипл. маш. инж. Ердинч Ракиповски; дипл. маш. инж. Владимир Поповски и контролор Игор Миновски.

- Договор за закуп на деловен простор и опрема за инспекциските место АМ ЦЕРТ ДООЕЛ Скопје – Центар за испитување на возила - Бул.Борис Трајковски бр.202 Скопје заверен на нотар под бр.УЗП 871/2018 од 20.02.2018;

- Договор за закуп на деловен простор и опрема за инспекциските место Еуроконтрол ДООЕЛ Облешево, ул.Јоаким Крчоски бб. - Облешево заверен на нотар под бр.УЗП 595/2018 од 07.02.2018;

- Договор за закуп на деловен простор и опрема за инспекциските место Топ-Ауто Фер Куманово, ул.11 Ноември бр.286 Куманово заверен на нотар под бр.УЗП 750/2018 од 14.02.2018;

- Договор за закуп на деловен простор и опрема за инспекциските место АМ ЦЕРТ ДООЕЛ подружница Битола, ул Новачки Пат бр.18 Битола бр.03-1164 од 04.08.2017;
- Список на опрема за сите инспекциски места за кое се овластува АМ ЦЕРТ ДООЕЛ;
- Доказ за склучен договор за осигурување од општа одговорност - полиса бр.13023000014050/0 од 07.02.2018 година со важност до 07.02.2019 година;

Министерството за економија, постапувајки по поднесеното барање и одредбите од Законот за возила, Правилникот за единечно одобрување на возило, Правилникот за одобрување на нови моторни и приклучни возила, системи, составни делови и самостојни технички единици наменети за таквите возила, Правилникот за одобрување на тип на моторни возила со две или три тркала, Правилникот за одобрување на преправени и поправени возила, Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата и Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за доделување на идентификациска ознака (број на шасија) и формата и содржината на водење на евиденцијата на издадени одобренија и на начинот и постапката за обележување и поништување на идентификациските ознаки на шасијата и/или моторот на возилото и притоа утврди дека барањето е основано.

Врз основа напред изнесеното, а согласно член 56 став (1) од Законот за возила се донесе решение како во диспозитивот.

Таксата од член 37 со тарифен број 156 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10 и 145/10) во износ од 2.000,00 денари е залепена на поднесокот и поништена.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение може да се поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

МИНИСТЕР,
Kreshnik Bekteshi